Одговор: По иницијативата за оценување на уставноста на Законот за попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија - 2021 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.19/2021), образуван е предмет У.бр.14/2021. Во тек е претходната постапка, преземени се потребните дејствија, односно побарани се мислења доставени до Собранието и Владата на Република Северна Македонија, и податоците и известувањата од истите се од интерес за водење на постапката, при што откако претходната постапка ќе биде окончана предметот ќе биде ставен на дневен ред за одлучување, и ќе биде објавен на веб страната на Судот.

Што се однесува до делот од барањето за податоци за судијата-известител, Судот не може да ја објави таквата информација, бидејќи истата претставува податок од таен карактер. Имено, тоа произлегува од улогата која ја имаат судиите-известители по работата на предметите и следствено на тоа е неможноста да се даде на јавноста податокот кој судија е известител во одреден предмет. Улогата на судијата-известител е да раководи со претходната постапка кога се прибираат податоци потребни за одлучување во предметот кој му е доделен во работа. Во основа тоа е работа од стручно-аналитички карактер, при што известителот има задача да изготви работен материјал со уставна-судска анализа и да предложи соодветна одлука на Судот на седница кога се разгледува тој материјал. Тоа значи дека тој не донесува конечна одлука, туку Судот, а по повод неговиот предлог кој и не мора да биде прифатен. Ова е врз основа на деловничките одредби од член 18, каде е предвидено дека судијата известител и стручниот работник на кои им е доделен предметот во работа ја водат претходната постапка согласно деловничките одредби (став 1); и истите ги собираат податоците и известувањата што се потребни за одлучување во врска со барањето за поведување постапка (став 2).